**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До: ___________

Бр. 03-1979/3
Скопје 18.04.2018г.

**Предмет: Одговор на претставка насловена „неетични медиуми"**

**Врска: Наш бр.03-1979/ од 17.04.2018**

Почитуван/а,

Преку анонимна интернет адреса испративте барање до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да се огласи за тоа што некои телевизии објавија снимки од насилство, кое се случило во ООУ „Гоце Делчев" во Неготино, а во кое учествуваа малолетнички. Во дописот велите дека „човечката природа е склона кон насилство", но оти „најголемиот проблем се состои во тоа што сево ова беше прикажано на телевизија" и поентирате: „Како е возможно телевизиите без никакво почитување на етички стандарди да објавуваат такви снимки, а посебно загрижува фактот дека се работи за малолетни личности". Освен ова посочувате дека снимките биле објавени и на интернет и апелирате Агенцијата да се заложи за „законска регулација на порталите".

По добиеното известување беше извршен мониторинг за начинот на кој за овој настан информираа телевизиите на државно ниво што емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс, како и на телевизија која го покрива со информации регионот во кој припаѓа Неготино. Повеќето од телевизиите известија за настанот во рамките на вестите. При известувањето беше користена снимка на која беа замаглени ликовите на ученичките и која беше проследена со мислења, ставови и реакции од релевантни субјекти. Телевизиите пренесоа соопштенија или изјави на Првата детска амбасада во светот „Меѓаши", Министерството за внатрешни работи и Полициската станица од Неготино, министерката за образование Рената Тренеска-Дескоска, Државниот просветен инспекторат, Центарот за социјални работи, директорот на Основното општинско училиште „Гоце Делчев". Во прилозите се почитуваа професионалните новинарски стандарди бидејќи идентитетот на малолетните ученички не беше откриен, а на гледачите им беа пренесени ставовите на повеќе релевантни страни во случајот.

Што се однесува до медиумите базирани на интернет, Агенцијата не е надлежна за регулација на нивните содржини.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги

Директор

.......................................
д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2008